‘25
‘28



# АКЦИОНЕН ПЛАН

**за спроведување на стратегија за работа на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, за 2025 - 2028 година**

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАБОТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП 2025 – 2028

# ВОВЕД

Акциониот план за реализација на Стратегијата за работа на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за периодот 2025 – 2028 година претставува оперативен документ кој ја конкретизира визијата, мисијата и стратешките цели на Универзитетот. Планот е изготвен врз основа на европските и националните приоритети за високо образование, истражување и иновации, како и во согласност со целите на Европската универзитетска алијанса ACE²EU, во која УГД е полноправен член.

Главната цел на овој документ е обезбедување систематска и практична рамка за реализација на стратегиските определби на УГД преку јасно дефинирани задачи, одговорни субјекти, рокови и индикатори за следење. Со тоа се овозможува транспарентно управување, отчетност и ефикасно спроведување на планираните активности во сите области: квалитет на наставата и интернационализација, научно-истражувачка дејност и иновации, дигитална трансформација, студентски политики и мобилности, општествена одговорност и регионален развој, организациски и финансиски капацитети и меѓународна соработка.

Акциониот план има за цел да ја обезбеди континуираната трансформација на УГД во современ, европски ориентиран и општествено одговорен универзитет, кој активно придонесува кон одржлив развој во Република Северна Македонија и регионот.

## Акционен план за реализација на Стратешката цел 5.1: Квалитет на наставата и интернационализација

Главната цел на УГД е обезбедување современо и квалитетно образование, интегрирано во европскиот простор преку ACE²EU. Универзитетот ќе вложува во модернизација на студиските програми, интернационализација, развој на наставниот кадар и поддршка на студентите. Особен акцент ќе биде ставен на европската диплома, микроквалификациите, наставата на англиски јазик и создавање услови за активно учество на студентите во наставниот процес.

Стратешка цел 5.1: Квалитет на наставата и интернационализација
Стратешки приоритети:
5.1.1. Развој на наставни програми и методи
5.1.2. Подобрување на наставниот процес
5.1.3. Развој на академскиот кадар
5.1.4. Поддршка на студентите

Табела: Плански задачи за реализација на целта 5.1

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Развој на заеднички студиски програми со ACE²EU партнери или други европски универзитети (европска диплома) | Континуирано, први програми од 2026 | Наставно-научни совети на единиците, декани и продекани, проректор за настава и проректор за наука, проректор за меѓународна соработка | Број на заеднички програми | Развој на наставни програми и методи (Стратешки приоритет 5.1.1.) |
| 2. | Воведување и акредитација на микроквалификации и кратки програми за доживотно учење | Годишно, почнувајќи од 2025 | Наставно-научни совети на единиците, Центар за доживотно учење | Број на акредитирани микроквалификации; број на студенти опфатени со Центарот за студентска поддршка | Развој на наставни програми и методи (Стратешки приоритет 5.1.1.) |
| 3. | Проширување на наставата на англиски јазик за сите циклуси | Континуирано, 2025 – 2028 | Наставно-научни совети на единиците, проректор за настава, проректор за меѓународна соработка | Процент на предмети на англиски јазик; број на странски студенти | Развој на наставни програми и методи (Стратешки приоритет 5.1.1.) |
| 4. | Ревизија на студиски програми со интеграција на „Вештини за 21 век“ и дигитални компетенции | 2025 – 2027 | Наставно-научни совети на единиците, проректор за настава, проректор за наука | Број на ревидирани програми; извештаи за интегрирани компетенции | Развој на наставни програми и методи (Стратешки приоритет 5.1.1.) |
| 5. | Вклучување на клиничка настава преку партнерства со компании, институции и невладини организации | Континуирано | Наставно-научни совети на единиците, декани и продекани, Центар за доживотно учење, проректор за инвестиции и развој | Процент на клиничка настава; број на склучени меморандуми за соработка со институции | Подобрување на наставниот процес (Стратешки приоритет 5.1.2.) |
| 6. | Редовна евалуација и унапредување на наставата според европски стандарди, со активно вклучување на | Континуирано | Проректор за настава, декани, продекани, | Број на извештаи од евалуации и резултати од студентски анкети; број на вклучени надворешни експерти | Подобрување на наставниот процес |

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| | студентите и надворешни експерти | | Одделение за менаџмент на квалитет | | (Стратешки приоритет 5.1.2.) |
| 7. | Интеграција на наставата и истражувањето преку Универзитетскиот центар за извонредност | Од 2026 година | Проректор за настава и проректор за наука, проректор за инвестиции и развој, проректор за меѓународна соработка | Број на студенти активно вклучени во истражувањата и проектите на Универзитетскиот центар за извонредност; број на студентски истражувачки трудови или извештаи реализирани како резултат на истражувањата во рамките на Универзитетскиот центар за извонредност; број на дипломски, магистерски и докторски трудови реализирани како резултат на истражувањата во рамките на Универзитетскиот центар за извонредност; број на семинари/работилници одржани од Универзитетскиот центар за извонредност за студенти | Подобрување на наставниот процес (Стратешки приоритет 5.1.2.) |
| 8. | Воспоставување структуриран систем за професионален развој на наставниот кадар | Од 2026 година | Центар за доживотно учење | Број на обуки/активности понудени во текот на годината; број на членови на наставниот кадар кои учествувале во активности за професионален развој | Развој на наставниот кадар (Стратешки приоритет 5.1.3.) |
| 9. | Организирање на редовни обуки и академии за педагошка и методолошка иновација во рамки на Pedagogy Unit (APP Factory) | Континуирано | Канцеларија ACE2EU, проректор за меѓународна соработка, Центар за доживотно учење | Број на обуки/активности понудени во текот на годината; број на членови на наставниот кадар кои учествувале на обука и/или академија | Развој на наставниот кадар (Стратешки приоритет 5.1.3.) |
| 10 | Учество на наставници во Pedagogy Conferences, Schools и ABC програми на ACE²EU за размена на добри практики | Почнувајќи од 2026 | Канцеларија ACE2EU, проректор за меѓународна соработка | Број на членови на наставниот кадар кои учествувале на конференции, школи и програми | Развој на наставниот кадар (Стратешки приоритет 5.1.3.) |

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Воспоставување менторска програма за нови наставници и асистенти | Годишно | Проректор за настава, проректор за наука, ФОН, APP Factory Pedagogy Unit | Број на обучени наставници; број на обуки и работилници | Развој на наставниот кадар (Стратешки приоритет 5.1.3.) |
| 12 | Основање на Центар за студентска поддршка (академско, психолошко и професионално советување) | 2026 | Ректор, Ректорска управа, Студентски парламент | Воспоставен центар; број на студенти корисници; резултати од анкети | Студентска поддршка (Стратешки приоритет 5.1.4.) |
| 13 | Поттикнување на активна улога на студентите во развојот и оценката на наставниот процес | Континуирано | Факултетско собрание, Универзитетско собрание | Број на вклучени студенти | Студентска поддршка (Стратешки приоритет 5.1.4.) |
| 14 | Редовна самоевалуација и надворешна евалуација на наставата | Секоја академска година | Одделение за менаџмент на квалитет, надворешни експерти | Извештаи од евалуации; резултати од студентски анкети | Стратешка цел 5.1. Квалитет на настава |

## Акционен план за реализација на Стратешката цел 5.2: Научно-истражувачка дејност и иновации

Целта е УГД да се позиционира како современ и конкурентен универзитет со високо ниво на научна извонредност, иновативност и интернационална препознатливост. Во овој период ќе се поттикнува интердисциплинарноста, учеството во Horizon Europe и националните програми, развој на центри за извонредност и воспоставување на структури за трансфер на знаење и технологии.

Оваа цел е структурирана околу **три столба на Horizon Europe**:

- Столб I: Научна извонредност
- Столб II: Глобални предизвици и индустриска конкурентност
- Столб III: Иновативна Европа

Стратешка цел 5.2: Научно-истражувачка дејност и иновации

Стратешки приоритети:

5.2.1. Учество во европски и национални програми
5.2.2. Универзитетски центар за извонредност
5.2.3. Иновации и академско претприемништво
5.3.4. Млади истражувачи и студенти
5.3.5. Отворена наука и дигитални инфраструктури

Табела: Плански задачи за реализација на целта 5.2

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зголемување на бројот на публикации индексирани на WoS/Scopus | Годишно следење, континуирано | Академски кадар, проректор за наука и др. | Број на WoS/Scopus публикации; Годишен извештај за истражувачки резултати | Столб I – Научна извонредност<br>5.2.2. Универзитетски центар за извонредност |
| 2 | Зголемување на цитираноста и видливоста на истражувањата | Годишен тренд, континуирано | Академски кадар, проректор за наука | Број на цитати во WoS/Scopus; h-index по единици | Столб I – Научна извонредност<br>5.2.2. Универзитетски центар за извонредност |
| 3 | Воспоставување Универзитетски центар за извонредност | До 2026 | Органи на УГД, проректор за меѓународна соработка, проректор за наука, проректор за инвестиции, развој и одржување, Ректорска управа, Сенат | Формиран центар за извонредност | Столб I – Научна извонредност<br>5.2.2. Универзитетски центар за извонредност |
| | Вмрежување на постојните истражувачки центри и лаборатории со унифицирани стандарди за квалитет, етика и дигитално управување | 2026 | Проректор за наука, декани, раководители на центри и лаборатории | Број на активни истражувачки кластери и интердисциплинарни групи во рамки на Центарот за извонредност | Столб I – Научна извонредност<br>5.2.2. Универзитетски центар за извонредност |
| 4 | Подобрување на истражувачката инфраструктура (лаборатории, центри, хабови) | Континуирано | Проректор за инвестиции, развој и одржување, проректор за наука, единици на УГД | Број на нови/реновирани лаборатории и хабови | Столб I – Научна извонредност |
| 5 | Развој на интердисциплинарни истражувачки кластери поврзани со Smart Specialisation (S3) | 2025 – 2028 | Единици на УГД, проректор за инвестиции, развој и одржување, проректор за наука, раководители на центри и лаборатории | Број на интердисциплинарни кластери | Столб II – Глобални предизвици и индустриска конкурентност |

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Поттикнување на постдокторски истражувања и интердисциплинарни докторски студии | 2026 – 2028 | Проректор за наука, проректор за настава, единици на УГД | Број на постдокторски истражувања; нови докторски програми | Столб I и II |
| | Активно вклучување на млади истражувачи и студенти во научни проекти.<br>Менторски програми и поддршка за индивидуални апликации кон ERC (European Research Council) и MSCA (Marie Skłodowska-Curie Actions) | Континуирано | Проректор за наука, проректор за меѓународна соработка | Број на постдокторски истражувања; број на студенти и млади истражувачи вклучени во проекти | 5.3.4. Млади истражувачи и студенти |
| 7 | Развој на **UGD Lab for Applied Innovation** и активација на **ARIES Incubator** | До 2027 | Проректор за инвестиции, развој и одржување, ARIES Incubator, проректор за меѓународна соработка, проректор за наука | Број на стартапи/spin-off компании; број на патенти | Столб III – Иновативна Европа<br>5.2.3. Иновации и академско претприемништво |
| 8 | Зголемување на учеството во Horizon Europe и други меѓународни програми како Erasmus+, Digital Europe, CERV и др. | Годишно, континуирано | Проректор за наука, проректор за меѓународна соработка, проректор за инвестиции, развој и одржување, декани, Универзитетски центар за извонредност | Број на аплицирани и одобрени Horizon проекти; број на други меѓународни проекти | Сите столбови<br>5.2.1. Учество во европски и национални програми |
| 9 | Развивање политики за отворена наука, истражувачка етика и родова еднаквост во согласност со ERA.<br>Унапредување на дигитални истражувачки инфраструктури (e-Campus, дигитални библиотеки, бази на податоци) | 2026 – 2028 | Проректор за наука и проректор за настава, Комисија за издавачка дејност, е-репозиториум, Одделение за човечки ресурси | Број на надворешни истражувачи поврзани со УГД; публикации афилирани со УГД | Столб II – Интернационализација<br>5.3.5. Отворена наука и дигитални инфраструктури |
| | | | | | |

Активности: Формирање и функционирање на интердисциплинарни истражувачки кластери (Cluster 1–6) и Cross-cluster иницијативи

| Активност | Одговорен субјект | Рок | KPI индикатори |
|---|---|---|---|
| Воспоставување на Cluster 1 – Здравје (ClinRes, Molecular Nutrition, FarRG) | Ректорат, ФМН и Факултети од Кампус 2 | 2026 | Формиран кластер; број на истражувачи и публикации; број на европски проекти во област здравје |
| Воспоставување на Cluster 2 – Култура, креативност и инклузивно општество (сите истражувачки центри од факултетите за општествени и хуманистички науки) | Ректорат, Факултети од Кампус 4 и Кампус 1 | 2026 | Формиран кластер; број на проекти за култура, право, општество и инклузија; број на јавни политики поддржани од истражувања |
| Воспоставување на Cluster 3 – Граѓанска безбедност за општеството (LABSEC) | Ректорат, Факултет за информатика, Правен факултет, ФПТН, Воена академија | 2026 | Формиран кластер; број на истражувања во сајбер безбедност; број на алатки/прототипи |
| Воспоставување на Cluster 4 – Дигитализација, индустрија и вселена (LARIS, DROP, LABSEC, Maker Space) | Ректорат, Факултет за природни и технички науки, Факултет за информатика, ИКТ центар | 2026 | Формиран кластер; број на дигитални решенија/патенти; број на истражувања и проекти |
| Воспоставување на Cluster 5 – Клима, енергија и мобилност (RC-GREEN, AMBICON) | Ректорат, Факултет за природни и технички науки, Машински и Електротехнички факултет | 2027 | Формиран кластер; број на зелени проекти; број на прототипи за енергетска ефикасност |
| Воспоставување на Cluster 6 – Храна, биоекономија, земјоделство и животна средина (UNILAB, TE&B, RC-GREEN, AMBICON) | Ректорат, Земјоделски факултет, Факултет за природни и технички науки, Економски факултет, Техничко-технолошки факултет | 2027 | Формиран кластер; број на агротехнолошки иновации; број на еколошки решенија |
| Cross-cluster LABSEC (Cluster 3 & 4) – интегрирање на сајбер безбедност во роботика, индустрија и дигитални системи | Ректорат, Факултет за информатика, Правен факултет, ФПТН | 2027 | Број на заеднички проекти; број на публикации со коавторство; развиени безбедносни прототипи |
| Cross-cluster RC-GREEN & AMBICON (Cluster 5 & 6) – заеднички истражувања за зелена енергија и биоекономија | Ректорат, Кампус 2 | 2027 | Број на заеднички истражувања; број на зелени технологии; број на Horizon апликации |
| Cross-cluster TE&B (Cluster 6 & 1) – примена на електрохемиски и биоелектрохемиски решенија во здравствени истражувања | Ректорат, Кампус 2, Факултет за медицински науки | 2028 | Број на нови биоматеријали; број на публикации во биомедицина; број на интердисциплинарни докторски дисертации |

## Активности: Воспоставување на нови тела и структури

| Активност | Одговорен субјект | Рок | KPI индикатори |
|---|---|---|---|
| Воспоставување на Универзитетски центар за извонредност – координација на кластерите и подготовка на ERC/MSCA апликации | Ректорат, Наставно-научни совети | 2026 | Центар основан; број на апликации поддржани од Центарот; број на обуки за стандарди за извонредност; број на апликации за интердисциплинарни проекти |
| Формирање на Research Support Office (RSO) – „one-stop-shop“ за европски проекти и апликации | Ректорат, проректор за инвестиции, развој и одржување, проректор за наука, проректор за меѓународна соработка | 2026 | Оперативно RSO; број на поддржани апликации; број на успешни Horizon проекти |
| Воспоставување на Skills Advisory Board – советодавно тело за анализа на пазарот на трудот и препораки за нови програми | Ректорат, факултети, Центар за кариера и развој, проректор за инвестиции, развој и одржување | 2027 | Формиран одбор; број на изготвени анализи; број на препораки имплементирани во наставни програми |
| Воспоставување на UGD Lab for Applied Innovation – во тесна врска со ARIES Incubator | Ректорат, Центар за иновации, ARIES Incubator, проректор за инвестиции, развој и одржување проректор за наука, единици на УГД | 2027 | Формирана лабораторија; број на развиени иновации; број на стартапи/spin-off компании |
| Зајакнување на Центарот за дигитална поддршка (e-Campus) – како хоризонтална структура за сите кластери | Ректорат, ИКТ служба | 2026 – 2028 | Број на дигитализирани студентски услуги; број на виртуелни лаборатории; број на микроквалификации достапни онлајн |

# Акционен план за реализација на Стратешката цел 5.3: Дигитална трансформација

Целта е УГД да се трансформира во современ дигитален универзитет со целосно интегрирани услуги за студенти, наставници и истражувачи. Ова вклучува дигитализација на наставата, административните и истражувачките процеси, воведување на ВИ технологии, системи за сајбер безбедност и активно учество во e-Campus на ACE²EU.

Стратешка цел 5.3: Дигитална трансформација
Стратешки приоритети:
5.3.1. Дигитализација на административните и студентските услуги
5.3.2. Е-Кампус
5.3.3. Вештачка интелигенција и иновации
5.3.4. Дигитална писменост и компетенции

Табела: Плански задачи за реализација на целта 5.3

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Воспоставување на единствен универзитетски **e-Campus** интегриран со ACE²EU | До 2026 | Проректор за настава, Факултет за информатика | Функционален е-кампус и број на корисници | Стратешки приоритет 5.3.2. E-Campus, ACE²EU |
| 3 | Дигитализација на административните услуги (електронски уписи, е-индекс, е-потврди) | 2025–2027 | Факултет за информатика, надворешни експерти, е-индекс, генерален секретар | Број на дигитализирани услуги; процент на студенти кои користат е-услуги | Стратешки приоритет 5.3.1. Дигитализација на административните и студентските услуги |
| 4 | Развој на систем за сајбер безбедност и заштита на податоци | До 2027 | Факултет за информатика, надворешни експерти, ИТ центар | Усвоени политики; број на обуки; безбедносни сертификати | 5.3.1. Дигитализација на административните и студентските услуги; сајбер безбедност |
| 5 | Воспоставување универзитетска платформа за отворени податоци и истражувачки репозиториум | До 2026 | Проректор за наука, Факултет за информатика, Издавачка дејност | Активен репозиториум; број на објавени трудови и податоци | Стратешки приоритет 5.3.2 Е-Кампус |
| 6 | Интеграција на **AI-driven Student Support System** | 2027 | Центар за студентска поддршка, Факултет за информатика, проректор за настава | Број на развиени и имплементирани системи базирани на вештачка интелигенција; број на студенти кои го користат | Стратешки приоритет 5.3.3. Вештачка интелигенција и иновации |
| 7 | Обуки за дигитални компетенции на наставен и административен кадар | Годишно | APP Factory, Центар за доживотно учење | Број на одржани обуки; процент на опфатен кадар | Стратешки приоритет 5.3.4. Дигитална писменост и компетенции |

# Акционен план за реализација на Стратешката цел 5.4: Студенти, младинска политика, студентска автономија и мобилност

Целта е студентите на УГД да бидат активни учесници во академската заедница, со зајакната автономија, поддршка и можности за национална и меѓународна мобилност. УГД ќе создаде услови за студентски развој преку младински политики, културни, спортски и истражувачки активности, интегрирани во европскиот кампус на ACE²EU.

Оваа цел е насочена кон:

- активно учество на студентите во управувањето,
- зајакнување на студентската автономија,
- поддршка на младински политики,
- мобилности и меѓународна размена (ACE²EU и Еразмус мобилности),
- развој на студентски организации и културно-спортски активности.

Стратешка цел 5.4: Студенти, младинска политика и студентска автономија и мобилност

5.4.1. Мобилност и интернационализација
5.4.2. Практична настава и вработливост
5.4.3. Поддршка на студентите
5.4.4. Студентско учество и лидерство
5.4.5. Мултикултурализам и европски вредности
5.4.6. Дигитална поддршка и информации

Табела: Плански задачи за реализација на целта 5.4

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зголемување на студентската мобилност во рамки на **Erasmus+** и **ACE²EU** (физичка, виртуелна и хибридна мобилност) | 2025 | Канцеларија за меѓународна соработка, проректор за меѓународна соработка | Број на студентски мобилности | 5.4.1. Мобилност и интернационализација |
| | Вклучување во иновативни програми (ABC програми, Flavour Schools, MOOCs, BIPs) | 2025 – 2028 | ACE²EU канцеларија, Канцеларија за меѓународна соработка, проректор за настава | Број на реализирани програми | 5.4.1. Мобилност и интернационализација |
| 2 | Основање Центар за студентска поддршка (академска, психолошка, кариерна) | До 2026 | Проректор за настава, Центар за поддршка, Центар за кариера | Воспоставен центар, број на користени услуги; резултати од анкети | 5.4.3. Поддршка на студентите |
| | Обезбедување на социјална поддршка, систем за туторство и подобра адаптација на бруцошите | Континуирано | Факултетско собрание, Универзитетско собрание, ФОН | Број на реализирани активности | 5.4.3. Поддршка на студентите |
| | Редовни состаноци на студентските претставници со Ректорската управа | Континуирано | Ректорска управа, Универзитетско собрание | Број на реализирани состаноци | 5.4.3. Поддршка на студентите |
| 5 | Развој на младински политики и програми за лидерство | 2025 – 2028 | Студентски парламент | Број на програми и учесници; број на обуки за лидерство | 5.4.4. Студентско учество и лидерство |
| 6 | Поддршка на студентски клубови, здруженија и стартап иницијативи | Континуирано | Проректор за инвестиции, развој и одржување, ARIES Incubator, единици на Универзитетот | Број на регистрирани клубови | 5.4.2. Практична настава и вработливост |

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Развој на културни и спортски активности (фестивали, натпревари, спортски лиги) | Годишно | Центар за култура и спорт, студентски клубови, единици на УГД, ЦОЈ | Број на организирани активности; број на учесници | 5.4.4. Студентско учество и лидерство |
| 8 | Воспоставување систем за финансиска помош на студентите – ослободување од партиципација и стипендии (најдобри студенти, ранливи категории, талентирани уметници, спортисти) | Годишно | Ректор, Ректорска управа | Број на доделени стипендии или ослободување од партиципација | 5.4.4. Студентско учество и лидерство |
| 9 | Поттикнување на студентско учество во проекти, конференции и натпревари | Континуирано | Центри за кариера, наставници ментори | Број на студентски учества; број на освоени награди | 5.4.2. Практична настава и вработливост |
| | Програми за јазична и културна поддршка | Континуирано | Факултети од Кампус 4 и Кампус 1 | Број на студентски учества | 5.4.5. Мултикултурализам и европски вредности |
| | Дигитализација на административните процедури за студентите | Почнувајќи од 2027 | Факултет за информатика, центар за е-Учење, е-индекс, проректор за настава | Број на дигитализирани студентски услуги достапни преку е-Campus | 5.4.6. Дигитална поддршка и информации |

Во стратегијата оваа цел е дефинирана како ангажман на УГД кон заедницата преку културни, општествени, правни и економски иницијативи, придонес кон регионалниот развој, партнерство со локалните самоуправи, индустријата и граѓанскиот сектор.

# Акционен план за реализација на Стратешката цел 5.5: Општествена одговорност и регионален развој

Целта е УГД да ја зајакне својата улога како мотор на развој за источниот регион и како универзитет кој е сервис за општеството. Ова ќе се реализира преку партнерства со јавниот и приватниот сектор, проекти за регионален развој, поддршка на културни и спортски активности и вклучување на академската заедница во решавање на локални и национални предизвици.

Стратешка цел 5.5: Општествена одговорност и регионален развој

5.5.1. Регионален развој и партнерства
5.5.2. Зелени политики и одржливи практики
5.5.3. Општествени предизвици
5.5.4. Граѓанска свест и правна култура

Табела: Плански задачи за реализација на целта 5.5

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Развој на партнерства со локална самоуправа, стопански комори и индустрија | Континуирано | Проректор за инвестиции, развој и одржување, Центар за кариера | Број на склучени меморандуми и договори; број на заеднички проекти | 5.5.1. Регионален развој и партнерства |
| 2 | Воспоставување UGD Regional Development Hub за координација на регионални иницијативи | До 2026 | Ректорска управа, проректор за инвестиции, развој и одржување | Воспоставен Хаб; број на поддржани проекти | 5.5.1. Регионален развој и партнерства |
| 4 | Активности за општествена одговорност | Годишно | Единици на УГД, студентски клубови и студентски организации | Број на реализирани акции; број на учесници; опфатени целни групи | 5.5.3. Општествени предизвици и сервис кон општеството |
| 5 | Промоција на културни и спортски активности во регионот (фестивали, концерти, натпревари) | Годишно | Центар за култура и спорт, единици на УГД, Клуб на оратори | Број на организирани настани; број на учесници | 5.5.4. Граѓанска свест и правна култура |
| 6 | Вклучување на студентите и наставниците во општински и регионални стратегии (урбан развој, енергетика, образование) | 2025 – 2028 | Проректор за инвестиции, развој и одржување единици на УГД, проректор за настава, проректор за наука, проректор за меѓународна соработка | Број на изготвени експертски анализи; број на вклучени наставници и студенти; број на заеднички проекти; број на склучени партнерства и сл. | 5.5.1. Регионален развој и партнерства |
| 7 | Развој на проекти за зелена транзиција и одржлив развој во источниот регион | 2025 – 2028 | Проректор за финансии и инвестиции | Број на проекти; обезбедени средства; конкретни резултати | 5.5.2. Зелени политики и одржливи практики |
| 8 | Воспоставување програма „**УГД – Универзитет отворен кон заедницата**“ | До 2027 | Органи на УГД, студентски парламент | Програма усвоена; број на јавни предавања, работилници и дебати; број на волонтерски активности | 5.5.3. Општествени предизвици и сервис кон општеството |

# Акционен план за реализација на Стратешката цел 5.6: Организациски, административен, инфраструктурен развој и финансиска одржливост

Целта е да се обезбеди ефикасно, транспарентно и современо управување на УГД, поддржано со стабилна финансиска рамка и развиена инфраструктура. Ова ќе се постигне преку модернизација на администрацијата, дигитална трансформација на процесите, подобрување на условите за работа и студирање и диверзификација на изворите на приходи.

Оваа стратешка цел е насочена кон:

- јакнење на организациските и административни капацитети,
- дигитализација на управувањето,
- инфраструктурни инвестиции,
- диверзификација на финансирањето и зголемување на финансиската одржливост.

**Стратешка цел 5.6: Организациски, административен, инфраструктурен развој и финансиска одржливост**

**Стратешки приоритети:**

5.6.1.Организациски и административен развој
5.6.2. Информатичка и друга инфраструктура
5.6.3. Финансиска одржливост

Табела: Плански задачи за реализација на целта 5.6

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Унапредување на внатрешната организациска структура и стратешкото планирање според европски модели | 2025 – 2026 | Ректорска управа, генерален секретар | Број на реализирани документи | 5.6.1. Организациски и административен развој |
| 2 | Воведување на интегрирани дигитални системи за е-администрација, електронски индекс, онлајн уписи и дигитални архиви | Од 2027 | Факултет за информатика, Е-индекс, ИТ центар, генерален секретар | Број на дигитализирани процеси | 5.6.1. Организациски и административен развој |
| | Усогласување со административните практики и стандарди развиени во рамки на **ACE²EU** | Од 2027 | Генерален секретар, Ректорска управа, Канцеларија ACE²EU | Број на усогласени практики | 5.6.1. Организациски и административен развој |
| 3 | Подобрување на универзитетската инфраструктура (реконструкција, нови објекти, енергетска ефикасност) | Континуирано, 2025 – 2028 | Проректор за инвестиции, развој и одржување | Број на реновирани објекти; број на енергетски ефикасни системи | 5.6.2. Информатичка и друга инфраструктура |
| | Воспоставување на безбедна, достапна и флексибилна ИТ инфраструктура | Континуирано | Факултет за информатика, ИТ центар | Број на имплементирани ИТ сервиси и услуги | 5.6.2. Информатичка и друга инфраструктура |
| 4 | Приспособување на универзитетската инфраструктура на потребите на студентите и кадарот во услови на дигитализација и хибридно учење | 2026 | Проректор за настава, единици на Универзитетот, Факултет за информатика, ИТ Центар | Број на дигитални системи и услуги | 5.6.2. Информатичка и друга инфраструктура |
| 5 | Диверзификација на изворите на финансирање (проекти, донации, партнерства со индустрија) | Континуирано | Проректор за инвестиции, развој и одржување, Одделение за сметководство | Процент од буџет покриен од дополнителни извори; број на нови договори | 5.6.3. Финансиска одржливост |

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Воспоставување систем за редовна внатрешна и надворешна евалуација на администрацијата | Годишно | Одделение за менаџмент на квалитет, надворешни експерти | Годишни извештаи за евалуација; проценти на исполнети препораки | 5.6.1. Организациски и административен развој |
| 8 | Развој на политики за зелени и одржливи кампуси (соларни панели, отпад, зелени површини) | 2025 – 2028 | Ректорска управа, единици, проректор за инвестиции, развој и одржување | Број на зелени иницијативи; процент на енергетска заштеда | 5.6.2. Информатичка и друга инфраструктура |

# Акционен план за реализација на Стратешката цел 5.7: Меѓународна соработка

Целта е УГД да стане интегриран европски универзитет со силно присуство во европските образовни и истражувачки простори. Фокусот е на ACE²EU, Horizon Europe и другите европски програми, зајакнување на партнерствата и зголемување на мобилноста на студентите и кадарот.

Стратешка цел 5.7: Меѓународна соработка

Стратешки приоритети:

5.7.1. ACE²EU Алијанса
5.7.2. Европски програми и иницијативи
5.7.3. Билатерална, мултилатерална соработка, меѓународни истражувачки мрежи, интернационализација на студенти и наставници
5.7.4. Видливост и промоција

Табела: Плански задачи за реализација на целта 5.7

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Активна интеграција во ACE²EU алијансата (APP Factory, ARIES Incubator, SPACE Centre, e-Campus) | Континуирано | Ректорска управа, ACE2EU канцеларија, проректор за меѓународна соработка | Број на активности реализирани во рамките на Алијансата; број на студенти и наставници опфатени | 5.7.1. ACE²EU интеграција |
| 2 | Развој на заеднички студиски програми и европска диплома со партнерите | Први програми до 2026, потоа континуирано | ACE2EU канцеларија и координатори, проректор за меѓународна соработка, проректор за наука, проректор за настава, Центар за доживотно учење | Број на заеднички програми; број на запишани студенти | 5.7.1. ACE²EU интеграција |
| 3 | Промоција и акредитација на студиски програми на англиски јазик | Континуирано | Наставно-научни совети, проректор за настава | Број на акредитирани програми; број на странски студенти | 5.7.1. ACE²EU интеграција |
| 4 | Зголемување на студентски и наставнички мобилности (Erasmus+, ACE²EU, билатерални договори) | Годишно | Канцеларија за меѓународна соработка, проректор за меѓународна соработка | Број на реализирани мобилности во Еразмус +, во ACE2EU и во други прозорци за мобилност; број на договори | 5.7.1. ACE²EU интеграција |
| 5 | Учество во европски истражувачки конзорциуми (Horizon Europe, COST, Digital Europe, CERV) | Континуирано | Центар за извонредност, проректор за наука, проректор за инвестиции и развој, проректор за меѓународна соработка | Број на апликации; број на одобрени проекти | 5.7.2. Европски програми и иницијативи |
| 6 | Развој на UGD International Desk за поддршка на странски студенти и наставници | До 2026 | Органи на УГД, Студентски служби, Канцеларија за меѓународна соработка | Центар воспоставен; број на странски студенти; резултати од анкети | 5.7.3. Билатерална, мултилатерална соработка, меѓународни истражувачки мрежи, интернационализација на студенти и наставници |

| Р. бр. | Планска задача | Период / рок | Одговорно лице / субјект | Клучни индикатори за успех (KPI) | Поврзаност со стратегиски приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| | Воспоставување на **UGD International Hub** – дигитална платформа | 2026 | Ректорат, проректор за инвестиции, развој и одржување, Центар за кариера | Платформа активна; број на активни партнерства преку Hub | 5.7.3. Билатерална, мултилатерална соработка, меѓународни истражувачки мрежи, интернационализација на студенти и наставници |
| 7 | Зголемување на видливоста на УГД преку меѓународни конференции и мрежи | Годишно | Канцеларија за меѓународна соработка, проректор за меѓународна соработка, проректор за наука, единици на УГД | Број на конференции организирани од УГД; број на мрежи во кои е член | 5.7.3. Билатерална, мултилатерална соработка, меѓународни истражувачки мрежи, интернационализација на студенти и наставници |
| 8 | Привлекување на странски студенти преку стипендии и промоција | Континуирано | Органи на УГД, ЦОЈ | Број на странски студенти; број на стипендии | 5.7.3. Билатерална, мултилатерална соработка, меѓународни истражувачки мрежи, интернационализација на студенти и наставници<br>5.7.4. Видливост и промоција |
| 9 | Поттикнување на заеднички истражувања и публикации со европски партнери | Континуирано | Проректор за наука | Број на коавторски трудови; број на заеднички проекти | 5.7.4. Видливост и промоција |
| | Промоција на брендот **UGD Research Excellence** преку конференции, настани и публикации | 2025 – 2028 | Ректорат, Центар за односи со јавност | Број на организирани меѓународни настани; број на медиумски објави и публикации | 5.7.4. Видливост и промоција |

# МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

За успешна реализација на Акциониот план предвиден е систем на **мониторинг и евалуација** кој овозможува редовно следење на постигнатите резултати, идентификување на предизвиците и навремено прилагодување на активностите.

Мониторингот ќе се спроведува на три нивоа:

1. **Внатрешен мониторинг** – редовни извештаи на единиците на УГД до органите на Универзитетот за реализација на планираните задачи и постигнатите индикатори.
2. **Централизиран мониторинг** – консолидација на извештаите во рамки на Ректорската управа и подготовка на Годишен извештај за напредокот.
3. **Надворешна евалуација** – независна проценка од страна на надворешни експерти и институции (каде што е применливо), со цел усогласување со европските стандарди за квалитет.

**Индикаторите за следење** се дефинирани во рамки на секоја стратешка цел и вклучуваат: број на програми и мобилности, публикации, проекти, инфраструктурни подобрувања, дигитални услуги, студентски активности, партнерства и други мерливи параметри.

Процесот на евалуација ќе се базира на транспарентност и учество: студентите, академскиот кадар, административниот персонал и надворешните партнери ќе бидат активно вклучени во оценката и подобрувањето на планот.

# ЗАКЛУЧОК

Акциониот план на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за периодот 2025 – 2028 е алатка за претворање на стратегиските определби во конкретни активности со јасно дефинирани одговорности и индикатори. Тој претставува динамичен документ, отворен за адаптација во согласност со новите европски и национални политики, како и потребите на заедницата и стопанството.

Со негова имплементација, УГД ќе ја зајакне својата улога како модерен, европски и општествено релевантен универзитет кој обезбедува квалитетно образование, поттикнува научна извонредност, поддржува дигитална и зелена трансформација и активно придонесува кон регионалниот и националниот развој.

УНИВЕРЗИТЕТ

ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ